**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр.11-764/3**
**08.11.2023 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

## П О Т В Р Д А
**за заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 2 MW на дел од КП 291, дел од КП 292, КП 299, КП 300, КП 301, КП 302, КП 303, КП 304 и КП 305, КО Богородица.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот ,,П.Г.И.С ГРУП,, доо од Гевгелија преку полномошник ,,ЕВРО ДЕКОР,, доо од Скопје во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.56403) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-764/1 од 27.10.2023год., а изработена од ,,ЕВРО ДЕКОР,, доо од Скопје, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 2 MW на дел од КП 291, дел од КП 292, КП 299, КП 300, КП 301, КП 302, КП 303, КП 304 и КП 305, КО Богородица.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма со технички број 11-06/23 од октомври 2023год., изработена од ,,ЕВРО ДЕКОР,, доо од Скопје.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.
3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y34523 и Решение УП1-15 1856/2023 од 31.08.2023 издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето достави Предлог за одобрување со број 11-764/2 од 03.11.2023година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20). Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.11.08 15:21:55 +01'00'